# СОЦИЈАЛИСТИЧКА ПАРТИЈА НА МАКЕДОНИЈА

## VII Конгрес

## Р Е Ф Е Р А Т

**на Претседателот на СПМ**
**Љубисав Иванов - Ѕинго**

**Скопје, декември 2012 година**

**Почитувани делегати - учесници на седмиот конгрес**
**на Социјалистичката партија на Македонија**

**Почитувани гости,**

**Другарки и другари,**

Ми причинува особено задоволство што можам денес пред овој почитуван број на делегати и гости на нашиот седми конгрес да зборувам за досегашниве постигања и новите предизвици што стојат пред Социјалистичката партија на Македонија.

Бројни сме и силни сме, народот не поддржува. Нашето дејствување, остварените активности и сплотеноста што ја манифестираме го потврдаат нашето досегашно успешно работење.

Во изминатите 120 години од своето постоење, Социјалистичката партија на Македонија се потврди на македонската политичка сцена прераснувајќи во значаен фактор кој учествуваше во сите фази на изградбата и развојот на македонската држава.

Социјалистичката партија на Македонија е создадена од македонскиот народ и е произлезена од неговите желби и стремежи за самостојна, суверена демократска и просперитетна Македонија. Таа е најавтентичната политичка партија. Во нејзиното формирање и политичко дејствување нема никакво надворешно влијание. Во слободна и независна Република Македонија СПМ постојано се бори за доследно остварување на демократските вредности, за слободите и правата на граѓаните и за човековото достоинство. Ние во тоа успеваме зошто знаеме да ги препознаеме потребите на граѓаните, и имаме визија како да ги реализираме и да создадеме општество на среќни луѓе.

Со ваквото импозантно присуство на овој конгрес на македонските социјалисти ја манифестираме нашата сила во политичкиот живот на Република Македонија. Конгресот е повод и прилика со гордост да се навратиме на нашите корени, и на историските заслуги на македонските социјалисти во борбата на македонскиот народ за своја национална слобода и социјална правда, во создавањето на македонската држава со активно и непрекинато дејствување во еден грандиозен период од сто и дваесет години. Да се навратиме на изворите од кои денеска се напојуваме и се

инспирираме во нашата современа политичка борба за силна и богата Македонија и за подобар живот на нашите граѓани.

Македонија со векови била поробувана, делена и ограбувана, а животот на македонскиот народ бил ропски, крајно обесправен, беден и очаен.

Македонскиот народ немал друга алтернатива освен во своите пазуви да создаде таква организирана политичка сила предводена и раководена од личности задоени со најблагородните социјалистички идеи што ќе го поведат народот во борба за национална слобода и социјална правда, за ослободување од вековното ропство, за создавање сопствена држава во која ќе ја гради својата судбина и иднина. Таа свест се градеше и се развиваше под влијание на европските социјалисти. Студентите, учениците, работниците – печалбари, беа тие што ги внесуваа и ги ширеа социјалистичките идеи меѓу македонскиот народ и со тоа станаа апостоли, родоначалници и колоси на македонското социјалистичко движење кое во почетокот на последната деценија од деветнаесеттиот век, поточно во 1892 година прераснува во Социјалистичка партија, предводена од големиот трибун велешкиот столар Васил Главинов. Своето дејствување партијата го раширува низ цела Македонија, а членовите на партијата, како Исусови следбеници, во Главинов препознаа борец и носител на слободата, на љубовта, на правдата на еднаквоста меѓу луѓето и народите.

Како што апостол Павле и другите апостоли го ширеа Христовото учење, така и македонските социјалисти Главинов, Гоце Делчев, Никола Карев, Даме Груев, Ѓорче Петров, Димитар Влахов, Лазар Колишевски и илјадници други истомисленици ја ширеа социјалистичката мисла и го будеа македонскиот народ, подготвувајќи го за негово национално и духовно ослободување.

Социјалистичката партија стана расадник на кадри, а подоцна од неа произлегоа и други партии, а особено Внатрешната Македонска револуционерна организација, но основната нишка кај сите остана иста.

Денес и на овој Конгрес, со гордост можеме да истакнеме дека таа е најстарата политика партија во Македонија, која преку најразлични форми дејствуваше и дејствува 120 години во различни системи, некогаш легално, некогаш полулегално, а имаше периоди кога тоа го правеше  и како забранета, но никогаш нејзиното дејствување и нејзиното влијание не престанало. Нејзините кадри беа носители на повеќе востанија низ историјата, како и во водењето на Народноослободителната војна која победоносно

ја круниса Република Македонија во овој дел во кој опстојува денешна Република Македонија.

Во текот на НОБ, нашата партија делуваше како народноослободителен фронт со стремеж да ги обедини сите народи и народности во Македонија и благодарејќи на тоа што влезе во секоја куќа и што го рашири своето влијание насекаде, успешно и масовно ја организира народноослободителната војна, до конечна победа со што се овозможи раѓањето на нашата држава. Во континуитетот на нашата национална борба за слобода СПМ никогаш немала дилеми. Ова драги мои социјалисти го подвлекувам за да ни биде ѕвезда-водилка во нашето идно ангажирање и за остварување на благородните социјалистички идеи, како и за опстојување на политичката сцена во Македонија.

Дозволете ми овде на овој конгрес посебно да нагласам дека ние македонските социјалисти високо ги цениме достигнувањата во развојот на општествените сили и односи во Социјалистичка Република Македонија и целосната еманципација на македонскиот народ и македонското општеството во што и самите се вградивме.

**Драги социјалисти,**

Дејствувањето на нашата современа Социјалистичка партија во суверена и независна Република Македонија, временски не е големо, но имајќи предвид дека непрекинато, од нејзиното формирање на 28 септември 1990 година, со трансформација на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ, како најмасовна политичка организација, повторно, по 100 години, прерасна во класична политичка партија. Социјалистичката партија на Македонија непрекинато и активно дејствува преку своите пратеници во македонскиот Парламент и во другите органи и институции на нашата држава. За целото ова време, ние, социјалистите, енергично ги застапуваме интересите на работничката класа, на селаните и на интелегенцијата во обезбедување на нивните права, слобода, декократија, социјална сигурност, пристоен стандард, градење на меѓучовечки  и меѓунационални односи, а се со цел граѓаните да живеат во мир и безбедно. Токму во таа смисла, често во Парламентот водевме жестока битка кога на овој слој граѓани им беа загрозени овие вредности. Посебно се познати нашите настапи и нашето силно политичко спротивставување кога беа загрозени однадвор или одвнатре нашите национални и државни интереси, и тоа непрекинато, жестоко и непоколебливо. Тоа на секој наш граѓанин му е познато и длабоко врежано во неговата

свест. Нашите ставови по националните и државните прашања ја одразуваат волјата на најголемиот број од граѓаните на Република Македонија. Драги мои социјалисти, дозволете ми овојпат поопширно да се задржам на сегашноста и иднината, на предизвиците што ни престојат во ова мошне осетливо и бурно време во Европа и во светот.

На сите ни е позната глобалната економска, финансиска и должничка криза што ја зафати Европа и некои земји надвор од неа, меѓу кои и нашата држава. Во светот, посебно во Европа, се прават широки анализи за причините зошто дојде до неа и кои се излезните решенија. Едно е јасно, во оваа етапа од развојот капитализмот ги покажа сите свои предности, но на површина исфрли и низа свои слабости кои овозможија голем капитал незаконски да се акумулира кај мал број поединци. Од друга страна, постојано расте бројот на оние што гладуваат или одвај врзуваат крај со крај, како што тоа народот го вели во секојдневниот жаргон. Поради тоа зачестија разни протести, демонстрации од поширoки размери и судири коишто се закануваат да предизвикаат граѓански војни во одделни земји.

Заради сето тоа, денес сè погласни се барањата за нов поправеден и похуман светски поредок. Расте бројот на критичарите на неолиберализмот што го зафати современиот свет и се бараат многу порационални, функционални и поправедни државни интервенции за ублажување на јазот што е создаден меѓу богатите и сиромасите и кога средната класа не постои. Во тие критики, се вели, Европа е гладна за реформи. Таа денес практично функционира на некои принципи и решенија својствени за деветнаесеттиот и почетокот на дваесеттиот век. Се заборава дека сме во дваесет и првиот век. Во Европа и во САД се водат широки дебати како да се излезе од длабоката економска и должничка криза и да се обезбеди економски раст со што би се ублажиле состојбите во сè поголемите разлики меѓу богатите и сиромасите, по прашањето на вработувањето и особено на младите стручни кадри, со што би се намалиле и политичките тензии.

Соочени со оваа реалност, авторитетите во Европската унија започнаа да прават планови за радикални реформи. Во таа смисла се предлага уште поголемо интегрирање на државите во Унијата, со дводомен парламент и директно избран претседател на Европската комисија, со фискална унија, со Европски монетарен фонд, со строг буџетски надзор и безбеден систем со заедничка армија на Европската унија. Групата „за иднина“, како што ја нарекуваат, составена од десетте највлијателни

држави во Европската унија, во документот што го потпиша ја нагласува потребата од создавање на нов демократски поредок во ЕУ. Овој проект всушност ЕУ треба да ја претвори во федерална држава по примерот на САД.

Во вакви услови, какви што ги имаме денес во светот, посебно во Европа и нашето опкружување во кои постојано растат социјалните тензии, расте и угледот и авторитетот на социјалистичките вредности што ги практикувавме во минатото.

Повеќе познати светски експерти по економија и право, вклучително и некои нобеловци, во своите опсервации и анализи на актуелните политички и економски состојби недвосмислено укажуваат дека демократијата што денес егзистира им служи само на богатите. Слободниот пазар, кој е основа на капиталистичкиот систем, наспроти социјализмот е мит и дека главниот светски систем всушност служи за создавање на нееднаквост. Глобалната економска криза што избувна во 2008 година е резултат на системот што функционира, систем во кој практично не функционира слободен пазар, туку државен интервенционизам. Тоа се илустрира со начинот на кој САД и западна Европа, со буџетски средства и со владини декрети пристапија кон решавање на економската криза.

Во оваа прилика ќе си дозволам да ги изнесам анализите на познатиот американски нобеловец Јозеф Штиглиц, кој, меѓу другото, истакнува дека цитирам: „идејата за создавање на економска еднаквост, како основа за постигнување на еднаквост и во човековите права, пред неколку децении беше отфрлена како главна теоретска поента на социјализмот, кој се сметаше за недемократски систем, наспроти капитализмот кој се смета како врв на демократијата и заштитата на човековите права.“ „Сега излегува дека не е баш така“, ќе истакне нобеловецот Штиглинц“ „Извозниците на човековите права низ светот всушност извозуваат систем што во својата срж го има генот на нееднаквост. Со други зборови тоа е систем во кој една мала група ќе има сè, а преостанатите ќе имаат само колку да преживеат. За да излезе ова на површина требаше да се случи оваа глобална криза“, завршува нобеловецот Штиглиц. На оваа линија потврда се и зборовите на чешкиот претседател Клаус дека „она што денес го прави Запад оди кон социјалистичко управување“.

Засега едно е јасно - со овој систем нема излез од оваа криза која ги гази човековите права содржани во документите на ООН, па се поставува основното прашање - дали излезот е во некаков капитализам со социјалистички лик?

Сигурно се прашувате зошто зборувам за ова прашање кое упатените го знаат, ама народот тоа доволно не го знае. Ова го правам за да видиме каде се наоѓаме ние во оваа ситуација како држава, како партија која инсистира на праведност, хуманост и солидарност. Денес нема земја во Европа која не е соочена со рецесија или стагнација во својот раст на БДП. Но, за да ги ублажуваат состојбите за кои зборував тие се принудени да бараат решенија кои не се далеку од оние за кои во својата идеолошка и политичка борба инсистираа социјалистите во Европа и во светот, кои патем речено силно беа потиснати од десницата, поддржани од капиталот.

Денес во економската политика практично постои државна интервенција во која сè повеќе и повеќе е присутна социјалната компонента, својствена на социјалистичкото уредување. Во тоа ја гледам перспективата на нашата партија и нејзината улога во современите барања за напредок на земјата. Македонија денес е типичен пример на таквата политичка ореинтација. Нашата денешна влада во која партиципира и нашата партија, води постојана грижа за загрозените категории граѓани преку редовно зголемување на социјалната помош, отворање на народни кујни, изградба на евтини станови за млади брачни двојки и за граѓаните со ниски примања, со обезбедување на поволни кредити за купување станови, воведувањето на субвенции за земјоделците и обезбедување кредити со ниски камати за земјоделска механизација, со давање на државно земјоделско земјиште без плаќање на концесии на семејства без земја, практично ора и десно и лево, ора широко и длабоко и не остава празен простор.. Најновите примери со Србија, Грција и други балкански и европски земји потврдуваат дека денес не е ерес да коалицираат десни и леви партии, кога се во прашање економските, националните и државните интереси.

Социјалистичката партија на Македонија силно ја поддржува политиката на нашата Влада за промоција на нашата земја во светот, за која досега многу малку се знаеше. Во таа промоција силно се лобира за привлекување на странски капитал, презентирајќи ги условите и можностите за инвестирање во производни капацитети, за што создаде амбиент каков што нема ниту една друга земја денес во Европа. Слободните развојни економски зони за четири години се намножија и во нив денес работат и градат десетина надворешни компании, а заинтересираноста за влез во нив е се поголема и поголема.

Со напорите што денес се прават внатре во земјата за развојот на стопанството со постојано намалување на даноците, добивање на евтини кредити од странски и

домашни извори, воведување на рамниот данок, поедноставување (упростување) на процедурите за добивање државно земјиште и дозволи за градење, со инвестиции што се најавуваат во инфраструктурата, во енергетиката, во рударството, развојот на туризмот и слично, всушност можеме да очекуваме дека сме на прав пат во блиска иднина да ги надминеме повеќето проблеми што денес ги имаме.

Оттука не биле залудни нашите напори да ја сочуваме и постојано да ја јакнеме нашата партија и нејзината положба во општеството, да ја омасовуваме и оспособуваме за натамошна борба со идеи и со реализација на истите, а не со продавање демагогија. Кој денес би поверувал дека наши кадри се способни да реализираат еден грандиозен проект, каков што е „Злетовица“ за кој опозицијата предеше и пласираше разни приказни. Тој проект за неполни четири години стана реалност и живот за десетина градови во Источна Македонија. Тој проект беше голем сон за мене и за многу социјалисти во Источна Македонија и ете доживеавме да го видиме на дело.

Јас, речиси од почетокот на осамостојувањето на Македонија, насекаде зборувам дека развојот на земјоделството треба да биде стратешка цел, но немаше кој да ме слуша. Велев дека земја која ќе обезбеди храна за својот народ не може да стравува за својата стабилност. Денес правиме сè за да го надоместиме тоа што го пропуштивме во изминатите 20 години. Развојот на оваа стратешка гранка може да биде од големо значење за рамномерниот развој на нашата држава и запирањето на миграцијата село-град. Ѕвонат последните ѕвона во нашите села. Крајно време е да се преземат поенергични мерки што ќе го запрат овој процес.

Мораме да истакнеме дека благодарение на економските политики, Македонија иако погодена од глобалната економска и финансиска криза, забележа постојан раст во својот БДП во изминатите неколку години и тоа и донесе невидена репутација и углед во светот. Како што е познато, таа се вбројува меѓу најниско задолжените земји, како трет најдобар реформатор во Европа и уште редица други поволни оценки и квалификации.

СПМ на изборите во 2011 година и денес ги исттакнува стратешките цели и приоритети за кои се залага, а тие се: Енергично, брзо и ефикасно подобрување на човечките ресурси; Вработување особено на младите; Силен развој на земјоделството; Развој на индустријата и рударството; Значајни инвестициони мерки во целокупната инфраструктура; Интензивен развој на услужните дејности.

Сметам дека  овие цели и приоритети се присутни и се остваруваат во стопанскиот живот на земјата денес. Тоа се прави со темелните економски и политички реформи за унапредување на работните и вкупните животни услови на населението, со усогласување на македонското законодавство со европските акти и негова примена за влез во евроатланските интеграции. Исто така развојот се поттикнува со создавање натамошни поволни услови за изградба на нови индустриски капацитети со домашни инвестиции, со зголемување и насочување на јавните инвестиции кон изградба на јавна инфраструктура - патишта, хидросистеми, енергетски капацитети и со развој на рударството со финално производство, како стратегиска гранка.

Развојот се динамизира и со стимулирање и развој на мали и средни претпријатија во насока на претприемништво, самовработување со поволни кредити на територија на целата држава, со натамошна реализација на политиката за привлекување на домашен и странски капитал во изградба на индустриски капацитети во слободните економски зони до фаза на финално производство за европските и светските пазари, со изградба на хотели, со истовремено унапредување на работната и животната средина во функција на развојот на туризмот, со динамизирање на градежништвото во сите области и на услужните дејности, како и со поддршка за реализација на проектот „Вардарска долина“, кој е од витално значење за економскиот напредок на земјата.

Како приоритет и натаму останува вработувањето и намалувањето на сиромаштијата, со динамичен развој на стопанството и економијата во целина. Тоа ќе овозможи динамично и продуктивно вработување, зголемување на стандардот на граѓаните. Тоа се остварува со поддршка на програми за вработување на квалификувани, високо квалификувани и образовани лица во градежништвото, аграрот, текстилната и пропулзивната индустрија, потоа со даночно олеснување за фирмите за отворање на нови работни места – финансиска поддршка за едукација, вработување и самовработување на млади стручни кадри, како и со грижа и унапредување на работничките права по обем и квалитет врз основа на Уставот и законите вклучително и правото на минимална плата.

Развојот на аграрот и производството на храна се императиви. Во таа насока е и буџетската поддршка на земјоделството во висина од околу 730 милиони евра во наредните пет години, како и создавање на современо примарно земјоделско производство и обезбедување на негов  пласман. Исто така, посебен акцент се става на

развојот на индустриски капацитети за преработка и пласман на земјоделски производи во земјата и на меѓународниот пазар, продолжување на окрупнувањето и активирање на напуштените земјоделски површини. СПМ укажува дека е неопходно натамошно стимулирање на подигање на високопродуктивни и доходовни  култури, изградба на втората фаза од проектот „Злетовица„ за наводнување на 4,5 илјади хектари земјоделско земјиште во Источна Македонија., како и изградба на современи фарми за говедарство, свињарство, живинарство и овчарство со преработувачки капацитети за задоволување на домашните потреби и обезбедување извоз на месни и млечни производи.

СПМ по својата идеолошка определба е повикана да води грижа за социјално загрозените лица, за обезбедување на нивна основна егзистенционална сигурност преку обезбедување соодветно работно ангажирање или социјална помош; да се грижи за пензионерите и да обезбедува стандард што ќе го следи вкупниот економски развој на државата; со грижа и активна помош на социјално загрозените средношколци и студенти во текот на нивното образование.

Социјалистичката партија на Македонија била и останува во одбрана на стекнатите и унапредување на работничките права. Категорички е против иницијативата на дел од македонската бизнис-заедница и организацијата на работодавачи на Македонија за отпуштање на работниците од работа заради наводна недисциплина, без да им биде најавено од страна на работодавачите и без претходно да се испитаат причините за отпуштањето. Прифаќањето на такви иницијативи и добивањето право на нејзино озаконување е враќање во феудализмот и не кореспондира со времето во кое живееме. Ние сме за барање нови решенија што ќе ги унапредат работничките права, особено на сезонските работници, кои не се доволно заштитени со закон. Во оваа прилика сакам да упатам сопствена критика, но и апел до македонските синдикати дека е време да воспоставиме потесна соработка во одбрана на работничките права.

СПМ работи на реализација на своите трајни определби секој граѓанин да ужива бесплатна и квалитетна здравствена заштита во јавното здравство. Покрај тоа  укажува на потребата од продолжување на кадровска, материјална и организациона реформа на јавното здравство, која што ќе ги задоволува потребите на граѓаните; на натамошен развој на јавното образование, кое ќе биде во функција на развојот на државата и вработување на граѓаните и се залага за значителна поддршка на науката, како силен

ресурс во развојот на државата, како и ангажирање на високообразовани кадри за создавање и развој на нови технологии - информатика, комуникации, компјутеризација и автоматизација.

Интелектуалците отсекогаш го движеле и носеле прогресот во светот. Ги повикуваме да ги впрегнат своите потенцијали за јакнење на економската и политичката моќ на нашата земја, да го кренат својот глас и отпор против се она што не влече назад. Научната мисла, културата, литературата и јазикот, како и другите аспекти на творештво се најсилното оружје за одбра на нанашата слобода, идентитет и суверенитет.  Во овие дејности е доста вложувано, но освен натамошното инвестирање неопходна е поголема критичност во определувањето на корисниците на средства и поправилен однос во нивната распределба. Неразделен дел во тоа е и создавањето предуслови за развој на масовната физичка култура и рекреација, како и професионалниот спорт. Со сите овие наши укажувања, ќе ги јакнеме демократските капацитети на земјата, почитување на човековите права, почитување на законите и процедурите, ќе јакне правната држава и владеењето на правото и правдата, вредности за кои ние макеоднските социјалисти секогаш сме се бореле.

**Почитувани делегати,**

Пред нас стојат многу познати и нови искушенија. Едно од нив е да не дозволиме да се најдеме во ситуација во каква што се наоѓа денес Европа и некои земји надвор од неа. Покрај привлекување на странски инвестиции, мораме да го мобилизираме и домашниот капитал и сè она што го заговараат нашите иселеници, со формирањето на нивен посебен фонд за инвестиции во нашата земја. Друга алтернатива за напредокот на земјата нема. Мора да продолжи борбата за остварување на нови пазари за пласман на нашите производи. Мораме да го зголемуваме нашиот бруто домашен производ и зголемуваме извозот. Тоа е патот за излез од кризата, пат што не е така лесен и едноставен. Само така ќе можеме да се справиме со сиромаштијата и невработеноста. Имаме голем неискористен потенцијал и богати ресурси, особено во областа на рударството, кое за жал беше опустошено, заедно со Институтот за рударство, што скоро 40 години го имавме, а сега го обновуваме. Три огромни рударски наоѓалишта чекаат да бидат активирани, а изградбата на топилница за бакар може да ја препороди економијата во Македонија.

**Драги мои социјалисти,**

Можеме да ја разбереме политичката борба на опозицијата со конструктивна и рационална критика на сè она што се случува денес во Македонија. Но, ние македонските социјалисти, не можеме да ја разбереме деструкцијата што македонската опозиција ја манифестира за оцрнување на нашата земја пред меѓународната јавност. Да се зборува денес надвор од земјата дека во Македонија нема демократија, дека е изолирана земја, дека секојдневно ги губи пријателите во светот, дека нема слобода на говорот и слобода на медиумите, дека цвета криминал и корупција, дека судството ни е проблем, да се опструира работата на парламентот и слично е апсурд. Ние не тврдиме дека сите проблеми сме ги решиле, но да се негира тотално сè што е постигнато и да се кажува дека Македонија се движи во погрешна насока, за нас македонските социјалисти, е крајно неосновано и неприфатливо. Нема релевантна институција што не признава дека Македонија најдобро се снашла во оваа глобална економска и финансиска криза, како резултат на водење на стабилна монетарна и фискална политика, на мерките што ги презеде да ја олесни бизнис-климата за работа на компаниите и привлекување на странски капитал, дека сме ниско задолжена земја и слично. Само за нашата опозиција која е без идејна сме задолжени до гуша, како што велат тие, и дека земјата ја водиме во пропаст. Ширењето на таква гола пропаганда не му користи никому во оваа земја и е на штета на сите граѓани на Македонија, на македонските државни и национални интереси и на нејзиниот развој. За секој изолиран случај на повреда на законитоста или инцидент на некој граѓанин што е карактеристика за секоја земја во светот да се бара одговорност, односно оставки  и смена на одделни министри е крајно некоректно и непродуктивно. Тоа оди на штета на работата на парламентот и реформите што треба да ги реализираме, особено во оние области за кои инсистираат извештаите на Европската комисија за влез на нашата земја во ЕУ. Да се зборува дека Премиерот на Владата на РМ не сака влез на нашата земја во НАТО пред олкав број дипломати во нашата земја, во најмала рака е цинично, бидејќи тие многу добро знаат што и како работат премиерот и Владата, какви сè напори беа направени во пресрет на самитот на НАТО во Чикаго за промена на одлуката од Букурешт за прием на нашата држава во оваа воено-политичка организација. Критичарите на политиката и на напорите за влез на Р.Македонија во НАТО треба да

се запрашаат кому и зошто премиерот упати остри критики за непочитување на меѓународното право и примената на двојните морални стандарди од страна на одделни членки на НАТО. Тие треба да се запрашаат зошто на нож ја дочекаа реакцијата на премиерот, кој се одважи да ја каже вистината во очи на сите нас и пред сè на оние кои не ги почитуваат основните норми на однесување кои самите ги донеле. Требаше ли премиерот да молчи и да го свитка рбетот пред една неправда што му се нанесува на македонскиот народ и неговата држава. Секој разумен човек би се прашал каде ни е самопочитта и достоинството. Требаше ли генералниот секретар на Обединетите нации Бан Ки Мун да ни порача да не правиме компромиси со она што е достоинство и наше право, за да замолчат некои умови, гладни единствено за власт.

Ние, Македонските социјалисти од старт ги отфрламе сите обвинувања и инсинуации дека актуелното Македонско раководство води националистичка политика и дека доволно не работи на градењето на добрососедските односи. Ако некој сака да гради добрососедски односи на штета на македонските национални и државни интереси, тој филм нема да го гледа.

**Почитувани социјалисти**

Со Охридскиот рамковен договор граѓаните во Македонија очекуваа дека поинтензивно ќе продолжат процесите на меѓуетничката толеранција, меѓусебната доверба и разбирање во градењето на соживотот во земјата, но некои процеси и манифестации што особено во последно време се случуваат го демантираат таквиот оптимизам.

Досегашните искуства исфрлија на површина многу јасни и недвосмислени тенденции на поделби во практикувањето и функционирањето на институциите на системот што ни ги наметна Охридскиот договор. Ние, драги мои социјалисти, знаевме дека ќе имаме такви проблеми и затоа не го поддржавме Охридскиот договор, како и територијалното разграничување на општините по етничка основа. Ние и овој пат укажуваме дека ако не дојде до промена на политичкото организирање на граѓанска, а не на етничка основа, во борбата за власт на национализмот нема да има крај. Знаеме дека тоа е тешко, но кон тоа мора да се движиме ако сакаме да ја сочуваме нашата држава таква каква што е сега. Ова го говорат македонските социјалисти од искуство, не на некому да му се скратат правата на работа, на употреба и образование на својот

мајчин јазик, култура и слично, туку да се овозможи вистинска интеграција меѓу етникумите преку градење на класични демократски институции какви што има развиена Европа. На тоа треба да работиме сите.

Отворено искажуваме желба и верба дека под ова сонце има место за сите, но уште поотворено ќе реагираме на злоупотребите со кои малцинството сака да ја наметне еднострана волја врз мнозинството и да го уништи сето она што досега сме го создавале заедно. Посегањето по територијалниот интегритет на Република Македонија е навреда за сите нас и е спротивно на Европските определби. На ваквите и слични закани ние енергично ќе се спротивставуваме.

Не смееме да застанеме, зошто пред нас има уште многу долг пат што мораме да го изодиме, многу предизвици да совладаме, мораме нашата земја да ја градиме според начелата на Уставот, да не дозволиме разни деструктивни и криминални структури да роварат, да сеат семе на омраза, особено на меѓуетничка и верска основа. Да завладее разумот дека единствени сме посилни. Да се надеваме дека здравиот разум ќе надвладее и во некои од соседните земји кои уште сонуваат за некои големи држави, дека живееме во голем глобален свет во кој треба да ги споделуваме и развиваме вредностите што не поврзуваат и водат кон мир и благосостојба. За жал ако досега бевме соочени со разни подземни игри и скриени најави околу перспективата за опстојување на Македонија, во последно време сведоци сме на отворени закани по нашиот идентитет и територијален интегритет искажани дури и од највисоки државници во одделни соседни земји. Времето на национализмите и фашизмот е зад нас. Европа е одговорна за неговата повторна појава и треба да му застане што поскоро на пат. Ние македонските социјалисти предупредуваме дека секое распламтување на националистичките страсти можат да го запалат огнот на Балканот во кој сите ќе изгориме. Балканските војни се доволна пука. Зарем меѓународните институции и организации со своите контраверзни одлуки во име на правото ќе доволат нови неправди и крвопролевање на Балканот. Доста беа делбите и угнетувањата, со кои се разнебитуваше македонското национално ткиво. Нашиот стремеж отсекогаш бил и ќе биде иднината.

**Почитувани делегати,**

**драги гости**

Она што нас македонските социјалисти нè загрижува е она што се случува внатре во нашата земја околу решавање на спорот со името што ни го наметна Р. Грција. Не можам да ги сватам барањата на некои политичари, наводни интелектуалци и јавни работници вгнездени во опозицијата по секоја цена да направиме компромис околу нашето уставно име, нудејќи решенија и лицитирајќи со нив. Тоа страшно ја засегнува и урива преговарачката позиција на нашата земја, ги храбри грчките политичари да истраат во нивните зацементирани црвени линии со кои сакаат да го обезличат македонскиот народ и да ја снема нашата држава од картата на Европа.

Ставот на македонските социјалисти во врска со уставното име на Р.Македонија бил и е кристално јасен. Како што можете да забележите во Извештајот, СПМ во сите изминати години од шестиот конгрес па до денес борбата за зачувување на нашето уставно име, нашиот идентитет, јазик и култура беше постојана. Во име на претходните, сегашните и идните генерации никој нема мандат во оваа земја да го менува нејзиното уставно име, и сите атрибути што поизлегуваат од него. За жал нешто и од присила на меѓународниот фактор подлегна и дел од нашата пред се политичка и интелектуална јавност. Она што денес се бара од нас да направиме компромис за нашето уставно име е обид да бидеме обезличени и историски збришани како идентитет. Тоа е типичен пример на варварство кон нас од најсуров вид. Тоа е погром на цел еден народ.

Чуден е овој балкански плурализам. Оној грчки плурализам и национализам можам да го сватам, затоа што влече корени уште од балканските војни, постојано потхрануван од сите претходни генерации политичари вградувајќи го во генот на грчкиот народ, но и со асистенција на големите сили. Во борбата за глас и власт политичарите во оваа земја, под превезот зачувување на грчките национални интереси се би сториле и натовариле врз грбот на македонската држава и нејзиниот народ, само за да дојдат на власт. Секој разумен и чесен политичар не само во Европа, туку и во светот, би се запрашал можно ли е една двомилионска држава Македонија да ги загрози грчките национални интереси и тоа онака како што јасно и гласно неодамна запраша угледниот германски весник „Зи дојче цајтунг“. Зарем не излегуваат смешни кога ова му го продаваат на светот. Оваа ирационална грчка политика подеднакво ги погодува и грчкиот и македонскиот народ во сите пори на животот. Македонските социјалисти се оптимисти дека не е далеку времето кога оваа политика ќе исчезне од политичката сцена на Грција и дека новите генерации политичари, кои веќе стапија на политичката сцена во оваа земја, ќе се ослободат од неа. Ќе го напуштат патот по кој

одделе нивните претходници, кој е натопен со солзи и крв, послан со невиден егзодус на негрчкото население, без никакво чувство на одговорност. Некој од нив, со кои ние македонските социјалисти интензивно соработуваме, отворено манифестираат дека не робуваат на оваа политика и дека се спремни за градење на добрососедски односи. Веруваме дека во иднина ќе се отрезнат главите на оддели грчки политичари и ќе сватат дека во овој глобален свет нема место за вакво однесување, какво што е блокадата за нашето членство во НАТО и ЕУ и држењето во заложништво на членките на овие асоцијации, кои безрезервно ја поддржуваат Република Македонија во своите аспирации.

На оној втор фронт, на домашната политичка сцена ние македонските социјалисти поучени од историското искуство, грчевито се бориме да го сочуваме она нашето исконско битие и име со кое се идентификуваме. Се бориме да го надминеме она историско проклетство на делби по битните национални и државни интереси кои перманентно се загрозуваат од соседните земји, кои заради глас и власт, никако да ја прифатат македонската реалност. Бевме соочени (за волја на вистината во последно време се помалку) да се бориме против некои политичари, новинари, лобисти и колумнисти кои упорно ги застапуваа грчките ставови на сметка на нашите национални интереси. Оваа мала, но влијателна групација затскриена зад лажното европско визионерство, за интересите на Македонија за што поскоро зачленување во НАТО и ЕУ постојано го нудат на распродажба сопствениот народ, неговиот идентитет, јазик, култура, неговата душа и држава.

Овие поединци постојано вршат притисок и терор врз сопствениот народ за промена на името сеејќи страв и неизвесност, по иднината на земјата доколку брзо не влеземе во НАТО и ЕУ.

Социјалистичката партија на Македонија, чувствувајќи ја својата историска одговорност во овие времиња, со сета сериозност ги предупредува и ги повикува да престанат да ги поткопуваат темелите на нашата позиција во преговорите. Доколку имаат најмало достоинство и почит кон сопствениот народ и држава нека имаат доверба во владата, подржувајќи ја да истрае во напорите за изнаоѓање на заедничко прифатливо решение.

**Почитувани делегати,**

**драги гости,**

Наспроти сето кажано, оваа коалициона влада, во која партиципираме и ние социјалистите, го продолжуваме патот на темелни реформи, продолжувмее да работиме во сите области на животот, во развојот на стопанството, инфраструктурата, во здравството, во образованието, во правосудството, во науката, во културата, спортот и другите дејности кои доживуваат своевидна ренесанса. Се разбудивме од длабокиот сон во кој чмаевме скоро 20 години. Тоа што е вложено и направено во овие дејности за овие четири години не е направено во повеќе децении наназад. Не е можно да се набројат сите проекти што се реализирани, но еден од нив мора да го споменам, а тоа е широката афирмација на земјата во светот што ја направија спортистите и што го сплотија крајно поделениот наш народ и му влеаа доверба дека не само што сака, туку и може да постигнува резултати достојни за почит.
некогаш беа.

**Драги мои социјалисти да ве запрашам:**

- Можете ли да наброите колку фабрики нашата денешна опозиција изгради?
- Колку јавни објекти од капитално значење изградија?
- Колку улици и патишта изгради?
- Колку субвенции и земјиште на земјоделците им додели?
- Колку современи апарати за здравство набави и здравствени објекти изгради?

Одговорот е една голема нула.

Точно така, ништо не изградија. И тоа што го имавме го упропастија.

**Почитувани делегати и драги гости**

Нашата партија често беше критикувана дека се врзала за ВМРО-ДПМНЕ како десно ориентирана партија. Нашето искуство ги демантира делбите и во практичното политичко дествување не правиме разлики меѓу богати и сиромаси, леви и десни, туку граѓанинот како индивидуа е во центарот на вниманието. Се дејствува секаде каде што е потребно во духот на принципите на социјална правда и солидарност што е наша племенита обврска. Ние не се откажуваме од грижата за сите граѓани во Македонија. Да ги искорениме сите неправди што им се прават на работниците во работните односи со работодавачите, темелно да се реформира правосудството како гарант за

зачувување на човековите права и слободи. Од корен да ги отстраниме појавите на мито и корупција. Да зајакне социјалната сигурност на загрозените граѓани. Да имаме достоен живот за секој од нив. На пат сме тоа да го оствариме без колебање и страв, со гордо дигнато чело гледаме на иднината затоа што она што е изградено зад нас во последните шест-седум години е гаранција за тоа. Затоа денес Социјалистичката партија на Македонија ужива сѐ поголем и позначаен углед во нашата држава со голем прилив на нови членови, особено на млади стручни кадри кои можат да се носат со сите предизвици што стојат пред Партијата и нашето општество.

Ги повикувам граѓаните на Македонија, работниците и земјоделците да ни се придружат за нивно добро, за доброто на граѓаните на Македонија.

Да изградиме ново општество во кое нема да има омраза, егоизам, туку љубов, меѓусебно разбирање, толеранција и хумани односи. Тоа ново оштество ние и светската прогресивна јавност го нарекува Демократски социјализам.

Да живее Социјалистичката партија на Македонија.

Да живее Републка Македонија.

***БЛАГОДАРАМ***